# Објавен Конкурсот за доделување на наградата „Климентова повелба“

вторник, 1 април 2014 вечер

**КОНКУРС**

**за доделување на наградата „Климентова повелба“**

Врз основа на Статутот на БЗМ и Правилникот за доделување на наградата, ИО на БЗМ, на предлог на Комисијата за доделување на наградата „Климентова повелба„ ги утврди следниве конкурсни услови за доделување на наградата „Климентова повелба„ во 2014 година. Секој кандидат, учесник на Конкурсот, треба да достави:

1. пријава за учество на Конкурсот;
2. кратка биографија;
3. преглед на професионалниот ангажман;
4. список на објавени стручни трудови;
5. писмени препораки од најмалку двајца виши библиотекари или библиотекарски советници.

Наградата се доделува на библиотекари од сите видови библиотеки во Република Македонија, како и на почесни членови на БЗМ, за постигнати особени резултати од пошироко значење за развојот и афирмацијата на библиотечната дејност во Републиката.

Наградата се состои од повелба и од вредносен износ.

Право на предлагање кандидати имаат и: библиотеките, Заедницата на народните библиотеки, членовите на БЗМ и други сродни институции и организации.

Пријавите со сите наведени документи треба да се доставаат во затворен плик до Комисијата за доделување на наградата, најдоцна до 20.04.2014 година, на следнава адреса:

**Библиотекарско здружение на Македонија**
**(за Комисијата за доделување на наградата „Климентова повелба„)**
**бул. „Гоце Делчев„ бр. 6 1000 Скопје**

Пријавите што ќе пристигнат по определениот рок или се некомплетни нема да бидат разгледувани од Комисијата.

**ИО на БЗМ**